РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-556/13
17.07 2024 год
ПЕХЧЕВО

iВрз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002 и службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), член 50 став 1 алинеа 7 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на Општина Пехчево бр. 03/21) Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работно место -УПР0101В01 - Советник, работно место: Нормативно правни работи, во одделение за правни, општи работи и јавни дејности се избира кандидатот Моника Шехтанска Миовска со идентификациски код F46E105.

2. Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работно место по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.

3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

По барање на општина Пехчево на ден 06.06.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 424/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" за вработување на еден административен службеник на работно место УПР0101В01 Советник работно место Нормативно правни работи во Одделение за правни, општи работи и јавни дејности.

Со решение за формирање на комисија за вработување по јавен оглас број 424/2025 од страна на Агенцијата за администрација е формирана е комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување по објавениот јавен оглас.

Комисијата за селекција на ден 27.06.2025 година во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 06 кандидати од кои 02 уредни и 04 неуредни кандидати. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 424/2025 на ден 11.07.2025 год. во 11:00 часот спроведе испит за административен службеник, а на ден 15.07.2025 спроведе

постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 1 (еден) уреден кандидат согласно записник бр. 10-1259/6 од 15.07.2025.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, испитот и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по јавен оглас број 424/2025 заведени под број 10-1259/7 од 15.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна Поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил Марија Ризовски

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански

______________________

Доставено до
Именуваната,
Агенција за администрација,
Одделение за човечки ресурси,
Архива,